*Република Северна Македонија*
*Општина Штип*
*Бр. 18/24-269*
*29.08.2025*
*Ш т и п*

Врз основа на член 29 и член 50 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр. 32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25 и 127/25), член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02), и донесената Годишна програма за финансирање на изработка на урбанистички планови за 2025 Штип со Одлука бр. 08-8117/1 од 20.12.2024 година ("Сл.гласник на Општина Штип" бр.17), Градоначалникот на Општина Штип го доставува следниот:

# ЈАВЕН ПОВИК

**За организирање на повторна јавна презентација и јавна анкета**

**по изготвен**

## ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ДЕЛ ОД ГРАДСКА ЧЕТВРТ С3.06, КО ШТИП 5, ОПШТИНА ШТИП

Граници на планскиот опфатот за изработка на предметниот ДУП е ограничен со следниве улици:

- На исток, се движи по осовината на собирната улица ул. Гоце Делчев;
- На запад, ја сечи КП 8132/1, ја сечи КП 8135/1, ја сечи КП 8135/3, ја сечи КП 8294/6, ја сечи КП 8135/2 ;
- На север, се движи границата на КП 8132/1, се движи по границата на КП 8005, се движи по границата на КП 8006/1, се движи по границата на КП 8134/1 и ја сечи КП 1386/1 ;
- На југ, се движи по границата на КП 8136/6 и ја сечи КП 1386/1.

Површината која ја опфаќа опишаната граница на прелиминарниот плански опфат изнесува 3,02ха.




Согласно законската регулатива од областа на урбанистичко планирање, јавниот повик за одржување на јавна анкета и јавна презентација по изготвен ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ДЕЛ ОД ГРАДСКА ЧЕТВРТ СЗ.06, КО ШТИП 5, ОПШТИНА ШТИП, ќе се спроведува преку информацискиот систем на е урбанизам (https://www.e-urbanizam.mk/), се објавува на официјалната страна на Општина Штип (https://stip.gov.mk/), огласна табла на Општина Штип и преку соопштенија во подрачјето на планскиот опфат.

Јавниот повик за спроведување на повторна Јавна анкета и јавна презентација започнува на 1 септември 2025 год (понеделник) и истиот ќе трае до 15 септември 2025год (понеделник).

Повторната јавна анкета и јавната презентација за ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ДЕЛ ОД ГРАДСКА ЧЕТВРТ СЗ.06, КО ШТИП 5, ОПШТИНА ШТИП, ќе се спроведе со излагање на Предлог планот во информацискиот систем на е- урбанизам, печатени плакати и соопштенија во и околу планскиот опфат и на информациската табла на Општина Штип.

Повторната јавна анкета ќе трае 10 работни дена од денот на објавувањето на Соопштението и тоа од 16 септември 2025 (вторник) до 29 септември 2025 год (понеделник), а јавната презентација со стручно презентирање на планот ќе се одржи на ден 25 септември (четврток) 2025 година во 12:00 часот во просториите на Сала 2 на општина Штип. Во споменатиот рок, можат да се доставуваат писмени забелешки, предлози и мислења на анкетните листови во писмена и електронска форма.

*Изработил:*

*Борислава Мишева, диа*

*Контролирал:*

*Лазар Хаџи Николов*

*Секретар на Општина Штип*

*Вишна Шорова-Ангелова*

***ОПШТИНА ШТИП***

*Градоначалник*

*Иван Јорданов*

*Општина Штип ул. „Васил Главинов“ бр. 4Б, 2000 Штип, Република Северна Македонија*
*Тел: (032) 22 66 00 Факс: (032) 22 66 01*
*Веб страна: www.stip.gov.mk е-пошта: gradonacalnik@stip.gov.mk*